**Т Е Х Н О Л А Б доо Скопје**
Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа
*П.фах 827, Бул. К. Ј. Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058, 070 384 194*
*www.tehnolab.com.mk ; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk*

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за 2017 година
за спроведување на обуки
за стручно усовршување на стручни лица за БЗР

Врз основа на РЕШЕНИЕТО бр. 08-3075/4 од 22.05.2015 година издадено од Министерството за труд и социјална политика со кое му се дава одобрение на Технолаб Доо Скопје за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа, а со цел стручно надградување и оспособување на стручните лица за безбедност и здравје при работа, Технолаб Доо Скопје ја донесе следната ГОДИШНА ПРОГРАМА за 2017 година за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за БЗР:

| Тема | Облик на стручно оспособување | Временска рамка |
|---|---|---|
| Улогата на стручното лице за БЗР во ефикасен и одржлив менаџмент со безбедноста при работа | Стручно предавање | Февруари/март 2017 |
| Одржување на безбедноста при работа на работни места изложени на хемиски штетности | Еднодневен семинар | март/април 2017 |
| Проценка на ризик на работни места во градежништвото | Еднодневен семинар | април/мај 2017 |
| Евиденција од областа на БЗР | работилница | Мај/јуни 2017 |
| Опасности и штетности на работните места во лабораториите. Изложеност на јонизирачко зрачење | Стручно предавање | Јули 2017 |
| Ризик менаџмент на работните места во енергетика и металургија | обука | Септември 2017 |
| Што треба да се направи при настанување на повреда при работа? | работилница | Октомври 2017 |
| Ризици и потенцијални опасности по здравјето на вработените кои работат во канцеларија | Обука | Ноември 2017 |
| Предизвици и придобивки од имплементација на системот за квалитет OHSAS 18001:2007 | Еднодневен семинар | Декември 2017 |

**Т Е Х Н О Л А Б доо Скопје**
**Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа**
*П.фах 827, Бул. К. Ј. Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058, 070 384 194*
*www.tehnolab.com.mk ; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk*


***НАПОМЕНА:*** Технолаб го задржува правото да направи измена или дополнување на годишната програма за спроведување на на обуки за стручно усовршување на стручни лица за БЗР согласно со барањата на слушателите и измените во законската регулатива што се однесува на безбедноста при работа.

Годишната програма за спроведување на обуки за стручно усовршување е направена врз основа на потребата на стручните лица за БЗР за унапредување и утврдување на стекнатите знаења и вештини за извршување на работите од областа на безбедност при работа.

При спреведување на Програмата стручните лица за БЗР ќе имаат можност да се вклучат на повеќе начини и тоа:

- Пасивно како учесници на стручните предавања, семинари, работилници или обуки и

- Активно како предавачи со сопствени излагања на семинари и стручни предавања.

Во согласност со Правилникот за начинот и бодувањето на активното и/или пасивното учество во обуки за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа, Ве молиме да одобрите одредување на 10 бодови по ден за секое стручно лице кое ќе учествува пасивно како учесник на стручните предавања, семинари, работилници или обуки и 20 бодови по ден за секое стручно лице кое ќе учествува активно како предавач со сопствени излагања на семинари и стручни предавања.

Врз основа на РЕШЕНИЕТО бр. 08-3075/4 од 22.05.2015 година издадено од Министерството за труд и социјална политика со кое му се дава одобрение на Технолаб Доо Скопје за спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа, ТЕХНОЛАБ на сите учесници на планираните стручните предавања, семинари, работилници или обуки ќе им издаде ПОТВРДА СО БОДОВИ за учество на стручна обука организирана во Република Македонија.

**“ТЕХНОЛАБ” доо СКОПЈЕ**
***Друштво за технолошки и лабораториски испитувања, проектирање и услуги***
**Директор**
***М-р Магдалена Трајковска Трпевска дипл. хем. инж.***